**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**
**од Првото продолжение на Триесеттата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 16 декември 1999 година**

Седницата се одржа во салата за седници на Собранието на Република Македонија, со почеток во 10,45 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше господин Саво Климовски, претседател на Собранието.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Почитувани дами и господа пратеници, продолжуваме со работа по Триесеттата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Амди Бајрам и Илија Георгиев, ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Исто така и госпоѓата потпретседател на Владата на Република Македонија Радмила Кипријанова ме извести дека од оправдани причини не е во можност да присуствува на седницата.

На седницата присуствуваат, главно, заменици министри.

Ве молам, притиснете на едно од копчињата на системот за гласање за да го утврдиме бројот на присутни пратеници во салата за оваа седница.

66 пратеници се присутни во салата.

Според тоа констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството од пратениците во Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

Минуваме на точката 8 - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за трансформација на претпријатијата со општествен капитал, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот, со предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниов заклучок:

Собранието го усвојува предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за трансформација на претпријатијата со општествен капитал.

Ве молам да гласаме.

64 пратеници гласаа за, 3 се воздржани, а 1 е против.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон. Ве молам да гласаме.

63 пратеници гласаа за, 3 се воздржани, а против нема.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам општ претрес по предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Законодавно - правната комисија поднесе амандмани на член 2 за менување на воведната реченица, на член 3, за менување на местата на членовите 5 и 6, на член 6, во новиот член 47-а став 1 и 2, на член 7 и на член 8.

Отворам претрес по амандманот на член 2 за менување на воведната реченица поднесен од Законодавно - правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Јордан Марковски, заменик министер за финансии.

**ЈОРДАН МАРКОВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Според тоа, амандманот станува составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 3, поднесен од Законодавно -правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Јордан Марковски, заменик министер за финансии.

**ЈОРДАН МАРКОВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Според тоа, амандманот станува составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Отворам претрес по амандманот за менување на местата на членовите 5 и 6 поднесен од Законодавно - правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Јордан Марковски, заменик министер за финансии.

**ЈОРДАН МАРКОВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Според тоа, амандманот станува составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 6, во новиот член 47-а, став 1 и 2, поднесен од Законодавно - правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Јордан Марковски, заменик министер за финансии.

**ЈОРДАН МАРКОВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Според тоа, амандманот станува составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 7 поднесен од Законодавно -правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Јордан Марковски, заменик министер за финансии.

**ЈОРДАН МАРКОВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Според тоа, амандманот станува составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 8, поднесен од Законодавно -правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Јордан Марковски, заменик министер за финансии.

**ЈОРДАН МАРКОВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Според тоа, амандманот станува составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го збор, го заклучувам претресот по текстот и предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

64 пратеници гласаа за, 3 се воздржани, а против нема.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за трансформација на претпријатијата со општествен капитал.

Минуваме на точката 9 - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за трансформација на претпријатијата и задругите со општествен капитал кои стопанисуваат со земјоделско земјиште, со Предлог на закон.

Отворам претрес по предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниов заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за трансформација на претпријатијата и задругите со општествен капитал кои стопанисуваат со земјоделско земјиште.

Ве молам да гласаме.

За гласаа 63 пратеници, 4 се воздржани, а против нема.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Господинот Бошков бара збор.

**ЈОРДАН БОШКОВ:**

Ве молам, претседателе....

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Процедурално ли е прашањето?

**ЈОРДАН БОШКОВ:**

Во врска со гласањето.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Меѓутоа, ние го усвоивме предлогот.

**ЈОРДАН БОШКОВ:**

Јас се извинувам, меѓутоа, сакам да....

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Немојте да се извинувате, ова е завршена работа.

**ЈОРДАН БОШКОВ:**

Не е завршена, бидејќи јас гласав против, а пишува дека никој не гласал против.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Нема ниту еден против.

**ЈОРДАН БОШКОВ:**

Јас гласав против заклучокот.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Дали Вашата картица е во ред?

Добро, ќе ве молам, ние можеме да го повториме гласањето, не е проблем, меѓутоа и еден против ништо не менува.

**ЈОРДАН БОШКОВ:**

Мене не ми се допаѓа моето гласање да не биде така заведено, бидејќи не бев за овој заклучок.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Јас незнам како била поставена вашата картица во моментот кога сите гласале. Усвоен е предлогот.

Во секој случај...

**ЈОРДАН БОШКОВ:**

Треба да се види дека е гласано против.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Ние записнички ќе го констатираме ова, а во продолжение ќе видиме дали е проблем со вашата картица или не.

Одиме понатаму.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Ве молам да гласаме.

59 пратеници гласаа за, 6 се воздржани, а 2 се против.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам општ претрес по предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Законодавно - правната комисија поднесе амандмани на член 2 и член 3.

Отворам претрес по амандманот на член 2, поднесен од Законодавно -правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Јордан Марковски, заменик министер за финансии.

**ЈОРДАН МАРКОВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Според тоа, амандманот станува составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 3, поднесен од Законодавно -правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Јордан Марковски, заменик министер за финансии.

**ЈОРДАН МАРКОВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Според тоа, амандманот станува составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Продолжуваме со претрес по текстот на предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

59 пратеници гласаа за, 4 се воздржани, а 6 се против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за трансформација на претпријатијата и задругите со општествен капитал кои стопанисуваат со земјоделско земјиште.

Минуваме на точката 10 - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за приватизација на државниот капитал, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниов заклучок:

Собранието го усвојува предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за приватизација на државниот капитал.

Ве молам да гласаме.

65 пратеници гласаа за, 4 се воздржани, а 1 е против.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Ве молам да гласаме.

63 пратеници гласаа за, 2 се воздржани, а против нема.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам општ претрес по предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Законодавно - правната комисија поднесе амандмани на член 1, член 2 и на член 3.

Отворам претрес по амандманот на член 1, поднесен од Законодавно -правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Јордан Марковски, заменик министер за финансии.

**ЈОРДАН МАРКОВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Според тоа, амандманот станува составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 2 поднесен од Законодавно -правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Јордан Марковски, заменик министер за финансии.

**ЈОРДАН МАРКОВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Според тоа, амандманот станува составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 3, поднесен од Законодавно -правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Јордан Марковски, заменик министер за финансии.

**ЈОРДАН МАРКОВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Според тоа, амандманот станува составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

За гласаа 65 пратеници, воздржани се 3 а против е 1 пратеник.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за приватизација на државниот капитал.

Минуваме на точката 11 - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за трговските друштва, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на Законот, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниов заклучок:

Собранието го усвојува предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за трговските друштва.

Ве молам да гласаме.

62 пратеници гласаа за, 5 се воздржани, а 1 е против.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Ве молам да гласаме.

58 пратеници гласаа за, 5 се воздржани, а 1 е против.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам општ претрес по предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Законодавно - правната комисија поднесе амандман за менување на членот 2.

Отворам претрес по амандманот за менување на член 2, поднесен од Законодавно - правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Јордан Марковски, заменик министер за финансии.

**ЈОРДАН МАРКОВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Според тоа, амандманот станува составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

За гласаа 63 пратеници, 5 се воздржани, а против нема.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за трговските друштва.

Минуваме на точката 12 - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за републичките награди, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниов заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за републичките награди.

Ве молам да гласаме.

60 пратеници гласаа за, 6 се воздржани, а 8 се против.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Ве молам да гласаме.

55 пратеници гласаа за, 7 се воздржани, а 9 против.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам општ претрес по предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Законодавно - правната комисија поднесе амандмани за менување на член 1, член 5 и на член 6 со кои се согласил претставникот на Владата и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Комисијата за политички систем поднесе амандмани на член 1 и за менување на член 6.

Отворам претрес по амандманот на член 1, поднесен од Комисијата за политички систем.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Имаме ли ние претставник на Владата?

За претставници на Владата определени се Реџеп Златку, министер за информации и Драги, Арсов, заменик на министерот за информации.

Дали се присутни тука? (Не се присутни).

Во тој случај се одложува донесувањето на овој закон.

Ќе продолжиме кога ќе бидат присутни.

Минуваме на точката 13 - Предлог за донесување на закон за начинот и условите за користење на средства за исплата на испратнини по Договорот за кредит по Проектот за итна социјална помош на Република Македонија, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор?

За збор се јави господинот Насер Зибери.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Почитуван претседателе, почитувани дами и господа пратеници, сакам да го изнесам моето мислење по однос на Предлогот за донесување на овој закон, и тоа да ги изнесам моите видувања и причините зошто ќе бидам воздржан по Предлогот за донесување на овој закон. Доколку добро се прочита образложението на законот, ќе дојдеме до една констатација дека всушност овој проект се судрува со политиката, која оваа Влада ја претставуваше пред ова Собрание уште од денот на неговата инаугурација и со тековните залагања на оваа Влада за разрешување на проблемот со невработеноста, односно да се отвори тренд и процес на зголемување на вработувањето во Република Македонија. Читајќи го образложението на Законот се доаѓа до следните заклучоци, меѓу другото се вели: Основна цел на проектот за социјална помош финансиран од средствата на наведениот договор е да ги ублажи негативните социјални последици од можните стечаи, ликвидација и преструктуирање на претпријатијата со доминантна државна сопственост кои искажуваат загуби во своето работење, при што подвлекувам се очекува поголем број на работници да ги загубат своите работни места. Сметам дека е коректно и редно јавноста и тие луѓе да знаат зошто денес Собранието на РМ донесува ваков закон и која ќе биде судбината на илјадници работници кои ќе потпаѓаат под влијание на вакви проекти кои ги предлага Владата на РМ. Доколку се сеќавате, а јас добро се сеќавам Владата на РМ, односно тогашниот мандатор за состав на Владата на РМ во своето експозе при чинот на изгласување на Владата, односно неговиот кабинет што го предлагаше, меѓу другото во точките на своето експозе вели во делот на намалување на невработеноста, која сите политички партии до крај ја експлоатираа во кампањата пред изборите 1998 година, како едно од клучните прашања на кои ќе се кршат копјата во наредниот период и како најгорливо прашање со кое денес Македонија се соочува и нејзините граѓани. И меѓу другото тој вели: бидејќи Македонија ги има сите претпоставки, капацитети, кадри за многу поголема вработеност, Владата превзема обврска и одговорност стапката на невработеност од над 45% по негова проценка во 2002 година, да ја намали на 15%. Многу примамлива оценка, уште да беше реална. И како тоа да се постигне?

Доколку памтите, а јас памтам, стапката на невработеност заклучно со 1998 година во РМ изнесуваше 245 илјади невработени. Согласно податоците на Заводот за вработување на РМ. Деновиве член на Владата на РМ и министер за развој тврди, неодамна министерката Милијана Даневска излезе со информација дека во Македонија има 349.274 невработени лица, податоци преземени од Заводот за вработување на РМ. Математиката е проста. За неполна една година плус 100 илјади нови невработени. Па, нека процени јавноста дали овие ставови изнесени во експозето се компатибилни со реалноста што денеска ни се случува. Да ве потсетам за само 4 години стапката на невработеност, односно вкупниот број на невработени во Македонија беше зголемен за само 98 илјади невработени. А само за една година сега имаме точна бројка од 100 илјади невработени, односно зголемување за 100 илјади.

Сметам дека овој проект не треба да се поддржи, бидејќи е во спротивност со намерите и залагањата на Владата на РМ и од еден друг аспект. Во експозето на премиерот кога се осврнува на начините на кои ќе доаѓа до оваа цел да се зголеми вработеноста, односно да се намали невработеноста, тој меѓу другото набројува: зголемување на степенот на користење на постојните капацитети. А во образложението на проектот што ни се нуди се прави токму спротивното. Се вели: преструктуирање на претпријатија и претпријатија кои ќе одат под стечај и ликвидација. Значи, постојните наместо да

реактивираме, ние ќе ги ликвидираме, односно ќе ги тераме под стечај.

Трета причина поради кое сметам дека не можам да го поддржам ваквиот проект е следната. Во експозето, постојано се осврнувам на експозето, затоа што програма нема оваа Влада. Во неговите делови во делот на намалувањето на задолженоста, бидејќи според оценките на премиерот тогашната задолженост на РМ, се разбира надворешна била преголема. Тој меѓу другото предлага -зголемениот девизен прилив Владата ќе го користи за позабрзано намалување на надворешната задолженост на земјата, која според нивните проценки тогаш била милијарда и 100 милиони долари без пресметана камата. Се прашувам, која е денеска задолженоста на РМ во овој смисол после една година.

Второ, овој закон токму оди спротивно на ваквите залагања и Македонија уште еднаш ја задолжува сега за други причини, за причини што еден број на работници се знае дека ќе останат без работа.

Четврто, сметам дека покрај овие противречности на ваквиот проект има еден дефект во самата содржина на законот што според мене не знам од кои причини предлагачот предвидува овој проект и средствата од овој проект да бидат спроведени преку Агенцијата за приватизација на РМ. А во образложението на законот меѓу другото се вели, проектот за социјална помош се заснова на конкретни пресметки усогласени меѓу Владата на РМ и Светската банка, за висината на трошоците за испратнина на работници на кои ќе им престане работниот однос поради економски, технолошки, структурални и слични промени и претпријатијата опфатени со структурни реформи. Се знае согласно Законот за органите на управата, прашањата од овој карактер се исклучива надлежност на Министерството за труд и социјална политика, кое соодветно на тоа за спроведување на таквата политика има соодветни органи во нејзиниот состав, или самостојни како што е Заводот за вработување. Нелогично е ваков проект да спроведува Агенцијата за приватизација кога постои Завод за вработување, кој е стручен, компетентен, во чија надлежност се сите прашања и прашањето на испратнината и прашањето на исплатата на паричниот надоместок и прашањата за обезбедување на пензиско осигурување и здравствено осигурување на сите тие луѓе, кои ќе подлегнат под одредбите на овој закон. Тоа е едно.

Второ, меѓу другото намерите на овој закон користење на овие средства и реализирање на овој проект, е да создава можност за повторно вработување на лицата кои ќе потпаднат под удар на проектот таканаречен структурни реформи, стечај, ликвидација и т.н. Единствена установа за повторно вработување, преквалификација, до обука и други мерки во РМ, е Заводот за вработување.

Се прашувам од кои причини предлагачот предлага наместо овој проект да го спроведува надлежна институција во РМ, да се направи преку друг и да се заобиколи Министерството за труд и социјална политика и соодветниот орган, Заводот за вработување.

Од тие причини, јас не можам да прифатам еден ваков проект.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор?

**БЕДРЕДИН ИБРАИМИ:**

Господине претседателе, дами и господа пратеници, господинот Зибери се поставува во улога на министер за труд и социјална политика, а треба да знае дека не е тоа. Сега тука е Бедредин Ибраими.

Загриженоста зошто надлежноста се става во Агенцијата за приватизација, не треба да е толку голема. Тоа е согласно Договорот кој веќе е потпишан помеѓу Владата на РМ и Меѓународното здружение за развој, кој помина на Собрание, а за тој Договор сте гласале најверојатно и вие господине Зибери. Значи, согласно тој договор остана во надлежност овој кредит да се реализира преку Агенцијата за приватизација.

Исто така, како втора причина зошто е тоа така, се работи за претпријатија во кои доминира државниот капитал и не се размислува тие до крај да се ликвидираат, туку при нивно евентуално рестартирање сите податоци и цела евиденција околу рестартирање на тие претпријатија се во Агенцијата за приватизација. Значи, токму тука лежи решението што реализацијата на овој кредит е дадена во надлежност на Агенцијата за приватизација.

Овде се изнесоа многу произволни квалификации. Се фалеше поранешната Влада дека, успеала да вработи 100 илјади, дека оваа Влада успеа да го зголеми бројот на невработеноста над 100 илјади за една година. Тоа се произволни оценки, не знам од каде му се податоците, пак ќе го прашам господинот. Но, ако еднаш ни кажа дека ги користи податоците од Заводот за статистика,

тогаш требало да се обрати таму и да се увери дека стапката на невработеност во РМ е 32,2%, а не е 40% како што вие велите господине Зибери. Овие податоци можете да ги земете и да ги изнесете и пред јавноста и да се уверите дека е тоа така, а не се однесува за стапка која вие ја спомнавте. Јас не сакам да полемизирам како вие успеавте да го зголемите бројот на вработените во РМ. Вие успеавте со Законот за зголемување на вработеноста, каде што државата ги плаќаше придонесите за вработените на име на работодавците. Ќе видиме колку ви беше успешен тој закон од јануари идната година, кога престанува обврската на државата да ги плаќа овие придонеси, а таа обврска преминува на работодавците во наредните две години да продолжи да ги плаќа придонесите за вработените по основ вашиот, еве ќе кажам, успешен закон со кој вработивте некаде околу 28 илјади до 30 илјади работници, а не 100 илјади како што велите вие. Но, тоа ќе го покаже времето.

Затоа предлагам амандманот во однос на надлежноста, дали тоа треба да биде во надлежност на Министерството за труд и социјална политика или Агенцијата за приватизација, мислам дека треба да остане како што е предложено и таа евиденција, таа контрола на користење на овој кредит да се врши преку Агенцијата, нормално ќе оди преку Заводот за вработување.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Господинот Насер Зибери има реплика.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Јас искрено да ви кажам очекував дека господинот Ибраими ќе ме поддржи во намерата, затоа што се работи за негова надлежност. Но, очигледно инаетот е поголем од фактите. Но, тоа е негов проблем.

Најпрво, да му изразам благодарност што конечно ме потсети дека тој е министер и конечно и јавноста еднаш да дознае кој е министер за труд, бидејќи до сега навистина немаше прилика. Но, тоа е друго прашање.

Што се однесува до Договорот и наводната содржина на Договорот, дека таму бил предвиден, па сега така стои во законот, тоа е чиста невистина, да не кажам лага. За разлика од него јас го имам тој Договор и апсолутно никаде не стои дека надлежност за спроведување на проектот ќе биде на Агенцијата за приватизација. Ако сакате можам и да ви го прочитам. Има се на се 4 члена. Значи нема врска таа работа. Тој Договор не предвидува орган кој ќе го спроведува проектот. Напротив, тој само вели во членот 2 дека условите и начинот на користење на кредитот од член 1 на овој закон, се утврдуваат со Договор за кредит по проектот за итна социјална помош на РМ, кој ќе се склучи меѓу РМ и меѓу Меѓународното здружение за развој. Тоа колку за информација.

Второ, се сака да се наметне ситуација дека со овој закон всушност ќе се рестартираат претпријатија. Камо среќа да беше така. Во тој случај немаше потреба од донесување на ваков закон, господа пратеници, бидејќи јасен е членот 2 на Законот. Во членот 2 се вели: средствата од член 1 на овој Закон, ќе се користат за исплата на еднократен надомест во вид на испратнина на работниците во друштвата со доминантна државна сопственост утврдени со овој закон, на кои ќе им престане работниот однос. Значи, ние рестартираме фирми преку отпуштање на работници. Ова прв пат го слушам дека е така можно. Рестартирањето се врши на поинаков начин господа, не со отпуштање на работници. Но тоа за некоја друг прилика и за тоа има што да се каже.

Трето, јас не тврдам дека стапката на невработеност е 42%, 45%, господине Ибраими, тоа се зборови на вашиот премиер. Јас само го читам експозето при инаугурација на оваа Влада. Тој тврдеше дека стапката на невработеност денес во РМ е 45%. А вие денес ни тврдите дека е 32%. Како може од 45% да се намали на 32%, а во исто време во меѓувреме да имаме плус 100 илјади невработени. Тоа само во некоја научна фантастика може да влезе. Јас ви тврдам дека стапката на невработеност е таа која ја дава Заводот за вработување. А инаку за бројката, за жал попречена ни е комуникацијата со сите јавни установи, што е спротивно на Уставот на РМ. И тој податок јас не сум го земал од Заводот за вработување, туку од ваш колега министер за развој, го прочитав многу убаво. Тоа е објавено на 14 овој месец во весникот "Дневник" и меѓу другото се вели: министерката за развој Милијана Даневска неодамна излезе со информација дека во Македонија има 349.274 невработени.

Тоа не го кажува Насер Зибери, тоа не е добиено по некои тајни канали од Заводот и друго. Тоа се наши колеги, ваш премиер, ваши податоци, само тие податоци, за жал, се контрадикторни меѓу себе. Вие тврдите едно, премиерот друго, министерската трето.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на господинот Зибери за репликата.

Продолжуваме со расправата.

За збор се јави господинот Ѓорѓи Котевски.

**ЃОРЃИ КОТЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани дами и господа, на говорницата ако два-три пати повторите една лага, особено од приучен правник, може и цела македонска јавност да ја направи вистина.

Во овие девет изминати години во Република Македонија, за жал, се случуваат такви нешта и ако некој има морално право да зборува за вработеност и невработеност во Република Македонија колку е точниот број, најмалку имаат право тие претходници кои говореа овде на оваа говорница, затоа што водеа ресори такви и владееја девет години, во кои точно можеа да ја утврдат таа бројка. Но да бидеме искрени, во Македонија и денес, иако оваа Влада го наследи сето што беше од претходната Влада, ние сепак не можеме да имаме до крај точни и релевантни податоци за вработеноста во државата, затоа што треба сите сегменти во државата и општеството да се разрешат на правилен и законски начин и да знаеме кој е статусот на вработен и невработен. Денес во Македонија имаме многу недефинирани односи во тие области и затоа оваа Влада има големи тешкотии околу расчистувањето на овие односи. Тука пред јавноста немојте да се служите со податоци дека некој премногу вработил, а претходниците го намалиле тој број. Мислам дека е чиста небулоза со такви флоскули овде да излегувате и да говорите. Вие сте доволно потковани луѓе, ако имате завршено незнам на кој Универзитет во Македонија или во некое друго место или на Сорбона, сепак, треба да држиме едни основни принципи и да знаеме дека многу работи во државата се наследени и од поранешниот систем и од една поранешна држава. Јас не сакам да ви кажувам точни податоци што се случува и на теренот, каде што имам точна евиденција, но не би ве заморувал со таа работа.

Секоја држава е должна, ако една Турска империја во 1435 година направила јасни и децидни пописи и кој се занимава со занает, и колку акчиња давал и пари придонес на султанот, ние денес во овој XXI век, за кои сега ќе славиме за Нова година, ќе правиме 300 чуда и урнебеси ќе правиме, ние се уште немаме точни податоци, ни за умрените, ни за живите. Оваа област е тешка и затоа треба да се разрешува. Мислам дека, Владата прави добри чекори. Со овој закон да го дефинира статусот на луѓето кои вие пет години ги чувавте во "Фринко" - Битола со нерешен статус и со никакви пари, со никаков надомест. Сега ние тие жешки костени ги вадиме заедно со оваа Влада. Таа ги вади тие жешки костени вие што ги правевте. А вие, што сакавте да направите? Мислевте за девет години да ги приватизирате во ваша корист претпријатијата вашите пратеници и вашите министри преку други личности да станат доминантни сопственици, како што има уште и денес во Битола и сакаат 51% да станат сопственици за да можат да имаат доминација и од "леваци" да станете "деснаци" класични.

Затоа треба малку да се замислите, но и ние треба да се замислиме како позиција да видиме до каде сте отишле вие, за да можеме папочната врвца да ви ја сечеме, за да се стави еднаш ред во оваа држава.

Јас сум за овој закон, искрено ви кажувам без оглед дали има одредени недостатоци, меѓутоа статусот на овие вработени што ќе останат по било која основа и со било каков надомест е подобар отколку вашиот кој беше никаков. И ден денес ние имаме штрајкови во Битола и на други места заради таквите состојби во државата. Затоа треба да се решава дел по дел.

Мислам дека, овој законски проект треба да го поддржиме, без разлика на луѓето што мислат дека треба со лаги овој народ само да му се зборува, да му се кажува, а ние пак обратно велиме: "Треба секој наш позитивен чекор да го афирмираме во јавноста за да сфати народот дека ние чекориме напред, а не да не влечат назад. Статусот на опозицијата денес во Македонија знаете кој е? Ништо да не се менува, ништо да не се работи, да пропаднеме за да дојдат тие на позиција и за да докажат дека тие се вредните и способните во оваа држава, дека ние ништо не вредиме и не знаеме. Се е јасно во оваа држава, само ние треба малку посериозно да се занимаваме со проблемите кои ги имаме и кои можат барем со дел технички работи да се завршат без разлика на поголеми средства од надвор и т.н., макар што и светот и сите светски организации и институции стојат на располагање да можеме да се задолжуваме и да можеме да си ги решаваме работите дел по дел.

Затоа, не треба да наседнуваме на лагите што луѓето сакаат овде налбатски да ни ги претставуваат. Приучени налбати во оваа држава мислам дека се најлошите кадри за државата.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Благодарам на господинот пратеник Ѓорѓи Котевски.

Реплика бараше господинот Зибери повторно.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Немам намера да реплицирам на некомпетентна расправа, бидејќи очигледно господинот ниту го прочитал законот, туку продава магла. Само една работа да му кажам. Во мојот мандат од две години стапката на невработеност беше намалена за првпат во историјата на независна Македонија, колку тој да знае.

А за да водам расправа и полемика со господинот, нека си го прочита прво Законот Ѓорѓи Котевски.

**ЃОРЃИ КОТЕВСКИ:**

Ако станува збор за вербални бројки и за лажни податоци, во оваа држава ни е доволно од такви податоци. Ние зборуваме за релевантни податоци кои треба допрва да се следат во оваа држава, а тоа набрзо ќе го имаме и точно ќе знаеме кој е статусот на вистински невработен или вработен. Ние имаме недефинирана состојба, затоа што има луѓе кои имаат приватна фирма, се водат во друга евиденција, се водат во Заводот за вработување, по три основи, не се регистрирани тие нешта во државата и затоа тоа е состојба која треба да се надмине и мислам дека таквите податоци со вештачка бројка, дека било првпат во историјата на Македонија зголемено вработувањето не палат.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Господине Зибери, уште еднаш имате право на реплика.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Се надевам дека со ова ќе завршам.

Јас не изнесов мои бројки, јас ги цитирав податоците на премиерот и министерот за развој. Ваши податоци беа тоа, не се мои. Ако се лажни, тие ги изнесоа.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Господинот Котевски има право уште еднаш на реплика.

**ЃОРЃИ КОТЕВСКИ:**

"Дневник" или било кој друг весник не е владин весник и не е портпарол на Владата. Ако некој новинар си допуштил било што да изнесува, а тоа често се случува во нашето новинарство, каде што не владее никаков кодекс на информирање и кодекс на однесување, мислам дека читањето од весници и просветувањето од весници е лоша работа.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Продолжуваме со расправата натаму.

Збор побара господинот пратеник Илјаз Сабриу.

**ИЛЈАЗ САБРИУ:**

Почитуван претседател, почитувани министри, почитувани пратеници, мислам дека со право се отвори расправа по овој закон, бидејќи тангира едно многу важно и тешко прашање за Република Македонија и за мене се беспредметни некои лични нафрлувања, дека бројката е точна или не е точна. Бројките се тие кои во Република Македонија официјално се пријавени, доставени и кои се евидентираат во Заводот за вработување.

Според мене, дали тој број е не за неколку проценти, туку да кажеме за 10 илјади повеќе или помалку, не ја менува многу работата, бидејќи проблемот на невработеноста во Република Македонија е огромен проблем и мислам дека не ќе можеме да го решиме, ниту ние поранешните министри што сме биле, ниту сегашниот, ниту идниот министер, а ниту овој Парламент. Така, ќе собереме сили сите и ќе биде успех за сите нас доколку успееме во извесна мерка да го ублажиме овој проблем, кој е присутен во нашата држава со тенденција на натамошно заострување и зголемување, бидејќи впрочем и на овој закон тоа му е цел, бидејќи предвидуваме 10 милиони средства за отпремнина на работници на кои ќе им престане работниот однос, согласно Законот за работни односи, кој денес е во сила во Република Македонија.

Од тие причини, мислам дека не би требало многу да се впуштаме во такви расправи за тоа дали тој процент е точен или не е точен за неколку промили, кој ги изнел и како ги изнел, ние како пратеници имаме право да ви кажеме такво мислење во смисла, и покрај тоа што сме опозиција да се подобрат овие решенија.

Да кажам дека за мене лично овој закон е прифатлив и јас го поддржав и на комисиите и тука го поддржувам, бидејќи прави напори, фактички се операционализира оној договор што ние, го донесовме на 16 јули о.г., значи пред неколку месеци, за ублажување на процесот на невработеноста, односно овие 10 милиони долари треба да ги добијат работниците на кои ќе им престане работниот однос во тие фирми, каде главно или повеќе од 50% се во државна сопственост, каде се сопственици и Заводот за вработување и државата, и другите фондови. Мислам дека, така треба да го прифатиме и сфатиме и нашето укажување, бидејќи рековме дека ќе бидеме конструктивна опозиција, треба добронамерно да се прифатат и од денешната Влада. А кога ќе имаме анализа или информација за невработеност на дневен ред

пред овој Парламент, тогаш можеме поопширно да расправаме за сите проблеми, за сите мерки, за сите проценти дали се точни или не се точни и што се предлага за нивно решавање, а јас се надевам дека таква информација или таква анализа брзо ќе дојде, бидејќи проблемот се заострува, тој проблем е присутен во државата.

Конкретно би сакал да кажам неколку зборови во врска со овој Предлог на закон, кој реков дека го прифаќам и поддржувам. Според мене, ќе беше подобро во образложението да имаме повеќе податоци колкав е бројот на работниците кои ќе го користат ова право, односно ќе земат отпремнина. Такви податоци нема и би молел како пратеници, во иднина, не само во врска со овој закон, туку и во други закони, односно Предлози за донесување закони се сретнуваме со една практика да бидат многу сиромашни со податоци. Ние можеме или не можеме, сакаме или не сакаме да користиме и други податоци, треба во материјалите, односно во описот на состојбите, да имаме повеќе податоци за таа област која е на дневен ред и за која се предлага едно законско решение. Од овој закон јас не можам да видам колкав ќе биде тој број на работници, а знаеме точно според Законот за работни односи колку плати им следуваат на работниците за користење на отпремнина. Тоа е прво.

Имам и уште едно мое укажување. Бидејќи јас се вклучив малку подоцна, незнам дали господинот Зибери кажа. Вториот став од член 2 за мене е неприфатлив. Добро би било доколку Владата може тоа да го прифати, бидејќи тука се вели дека овие пари ќе се користат само за отпремнина, нема да се измират обврските за придонесите и заостанатите плати. Кај работниците ќе имаме реакции, бидејќи во нивниот работен стаж ќе имаат еден вакум, една празнина, бидејќи нема да им бидат платени придонесите за пензиско и инвалидско осигурување и за заостанатите плати, доколку имаат неземени плати во тие колективи каде што се.

Затоа, би предложил доколку може тој став 2 да отпадне, со тоа би им помогнале повеќе на тие работници кои ќе останат без работа, бидејќи ќе им се платат од овие средства и некои заостанати неисплатени плати и придонесите, посебно за пензиско и инвалидско осигурување, за да немаат проблеми при нивното пензионирање да имаат вакуум во таа смисла.

На крајот она што беше, ми се чини, малку спомна тој и порано, членот 5, Програмата за преструктуирање ќе биде доставена и одобрена од Агенцијата. Мислам дека не е добро тоа решение. Јас не знам како е договорено со Меѓународниот монетарен фонд или овие институции кои ги даваат парите но стручна, официјална и компетентна институција во Република е Заводот за вработување и тоа е таа институција која може по компетентно да ги оцени тие програми на овие фирми, на кои работници ќе им престане работниот однос.

Од тие причини предлагам и добро би било, бидејќи се работи за област невработеност, за вработување, а тоа е во надлежност исклучиво на Министерството за труд и социјална политика, а тоа Министерство има свои институции, органи и фондови, во Заводот за вработување мислам дека тие средства треба да бидат и да се реализираат преку Заводот за вработување, не оти не сакаме Агенцијата за приватизација тоа да го изведува како работа, туку мислиме и јас така ценам дека по компетентна и по стручна организација и институција е Заводот за вработување.

Сакав да ги кажам овие мои неколку укажувања со добра намера, доколку Владата цени дека се прифатливи и добри да ги прифати, доколку не, сигурно нејзино право е така да одлучува.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Благодарам на господинот Сабриу.

Господине Ибраими, вие имате реплика.

**БЕДРЕДИН ИБРАИМИ:**

Сакам само да појаснам содржината на законот е во духот и усогласена со договорот за користење на кредит, така што во однос на забелешката во член 2, средствата да можат да се користат и за исплата на заостанати плати и придонеси на работниците, е спротивна на препораките од Светската банка и во никој случај тоа не смее да се дозволи и со овој закон.

Неслучајно е потенцирано во ставот 2 од членот 2 дека овие средства не можат да се користат за исплата на заостанати плати и придонеси на работниците. Сега се јавуваат одредени дилеми, зошто Министерството за труд и социјална политика, Заводот за вработување не е вклучен во целата оваа програма. Јас мислам дека е вклучен и во заедничкиот тим за остварување на оваа програма, заедно со Агенцијата за приватизација на Република Македонија, се вклучени и експерти од Министерството за труд и социјална политика, од Заводот за вработување, така што нема да има никакви проблеми околу имплементацијата на овој закон.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Има збор господинот Томислав Стојановски.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Господа, сакам да укажам на два моменти.

Дали податоците што се даваа во поранешните години во официјалниот дел од Заводот за статистика за невработеност се точни и дали сега навистина има, според тие податоци, 100 илјади нови невработени. Не само господин Зибери, ќе повикам еден човек во Македонија, кој ќе дојде да каже дека е отпуштен од работа откако оваа Влада е на власт, а не сто илјади.

Меѓутоа, да го упатам господинот Зибери, лично нему му се обраќам, на еден друг податок дека во пропагандата за минатите избори од неговата партија и неговите сојузници се користеше податокот од Заводот за вработување дека, биле невработени 240 илјади луѓе. Нека ги прочита и нека се врати назад дека тогаш ние тврдевме дека се околу 360 илјади. Тие вработија 60 илјади. Јас ќе го прифатев тоа дека се 240 илјади невработени, 60 илјади вработиле, пак останале под тој Завод 240 илјади. Ќе имаше смисла да беа за 60 илјади помалку, односно ако се 180 илјади, меѓутоа, се потврди точно нашето тврдење дека фактички се невработени 360 илјади. Сега некои кои седат овде и се смеат се појавуваат повторно со тој податок. Ние имаме 360 илјади невработени, ама не кажаа кој е тој невработен после нивниот податок. Манипулираа со имиња дека имаме стечајни работници, работници без пари и вработени. Што беа тие вработени? Тие што беа на Заводот, државата презеде обврска да им даде работа, да платат придонеси за социјалниот дел, а работодавците да ги исплаќаат. Што добија тие луѓе? Немаат плата таму, немаат социјално осигурување и направија нов социјален проблем. Тие 60 илјади луѓе што така ги вработија навистина сега се невработени, затоа што не примаат плата и имаат заостаток од пет години или шест месеци, седум или осум месеци, додека ние дојдовме на власт. Незнам за кои податоци говорат.

Точно е дека нашата министерка кажа дека ние имаме 312 илјади невработени. Тоа го извлековме од податокот кој се создал откако ние дојдовме и реалните податоци кои ги имаат ги внесовме како невработени, а не оние кои се водат како вработени, а навистина биле невработени. Ако некој сака да прави сметка и ако сака да се потсетува на историјата, јас пак ќе го вратам Зибери назад, нека го земе тогашниот владин лист "Нова Македонија", кој говореше со потсмев дека ВМРО лаже дека има 360 илјади невработени. Сега се потврди таман и оној Сталинов изговор дека луѓето гласале, а тој вика нека гласа кој сака, ние ќе ги броиме гласовите. И ние тогаш говоревме дека се 360 илјади невработени, а тие велеа не, ние ќе си ги пишеме ако сакаме. Тие навистина ги броеја гласовите и сега им е тешко да кажат од каде таа невработеност.

Затоа, пак го повикувам господинот Зибери, нека излезе на улица и нека доведе на моја сметка некој кој останал без работа, не 100 илјади, нека донесе 10 илјади, секој ќе добие по 100 марки.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Господинот Зибери побара реплика.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Господине Стојановски, кој како гласа и како ги брои ливчињата се покажа на овие избори. Затоа, навистина ви признавам, бевте "експерти".

Но околу бројката, наводно, ние сме прикажале една бројка, а сме вработиле во меѓувреме 70 илјади и пак бројката останала иста или приближно иста. Е, пак, логиката зборува поинаку господине Стојановски.

Годишниот прилив на ново пријавени лица во Заводот за вработување последните години се движеше помеѓу 50 и 55 илјади лица. Земете ги и денешните извештаи од Заводот за вработување. За жал, годинава е поголем тој број на нов прилив, било на ново пријавени, било на лица кои остануваат без работа по основ на стечај, технолошки вишок или по друг основ. Тука е таа ваша забуна, зашто во текот на 1998 година, не само што немаше зголемување на ново пријавени, туку имаше намалување за околу 9 илјади од постојната бројка регистрирани и евидентирани лица невработени во Заводот за вработување.

Заблагодарувајќи се на тој закон што вие меѓу првите седници го укинавте, па ни ветивте дека ќе донесете некој друг со кој ќе вработите 10 илјади социјалци во рок од 6 месеци, 3 месеци, па во рок од една година 100 илјади и т.н.

Тоа се бројките, тоа се фактите, господине Стојановски.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на г. Зибери.

За збор се јави господинот пратеник Поповски Никола.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Почитуван претседателе, министри и пратеници, мислам дека полека, ама сигурно расправата од законот почнува да се

изместува во една сосема поинаква насока и мислам дека министерот и дел од коалиционите пратеници, кои зборуваа за законот, сакаат да се обидат политиката на вработување во državава на примерот на овој закон да ја претставаат поинаку, од она што всушност се случува во Република Македонија.

Јас би сакал да го кажам моето мислење по овој закон, мене ми е жал што дури и министерот не најде за сила јасно и гласно да каже што всушност овој закон значи. Овој закон е кредит од ИДА, со кој Македонија ќе отплаќа на оние претпријатија кои се во загуба, а кои се во државна доминантна сопственост испратнини на работниците кои ќе ја изгубат работата, заради разни економски причини, односно заради причини што државата не стопанисува добро со претпријатијата на кои им е сопственик и затоа ќе отпушта работници.

Јас отсекогаш во ова Собрание во принцип сум бил противник на странски кредити, кои служат за разни видови на лична потрошувачка. Дури и кога нашата Влада беше, сум се изјаснувал така. И, овој закон е во тие рамки. Ова е кредит на Македонија за лична потрошувачка на оние вработени, кои ќе изгубат работа од државните претпријатија, заради лошо стопанисување со нив.

Меѓутоа, јас ќе го гласам тој закон, само заради тоа што мислам и тие работници не по своја вина не треба да се доведат во ситуација да немаат испратнина, како во оние акционерски друштва каде што согласно законот, сопственикот треба да им даде испратнина. Во овој случај сопственикот сте вие г. министер или потпретседателе, зашто ја претставувате во овој случај државата во управувањето со овие претпријатија. И, ред е вие да дадете преку овој кредит, иако во принцип не сум некој поборник на ваквите закони.

Мислам дека, во основа некои од амандманите кои се нудат, не треба амблок да се исфрлаат со прилично политички образложенија, туку треба да се земат како сериозни амандмани предвид, заради функционирањето на системот на социјалната заштита и регулирање на правата од работните односи на вработените во Македонија.

Меѓутоа, она што дополнително сакам по овој закон, со оглед на тоа што дека влезе во една посериозна расправа, да го дефинираме, мислам дека е сега времето. Ако ништо друго, се наоѓаме и на крајот од 1999 година. Ние сите добро се сеќаваме, а јас лично од 1986 година, значи еве веќе 13 години професионално, помеѓу другото, ги следам податоците за вработеност и невработеност во Македонија. И, тие податоци отсекогаш биле месечно достапни на целата јавност во Република Македонија за бројот на невработените, на нивната територијална, полова, национална, ако сакате и квалификациона структура и т.н. Навистина, штета е, јас тоа не го упатувам како прекар до г. министер, меѓутоа, штета е што навистина во последниве 12 месеци, а тоа се поклопува со датумот на преземањето на оваа Влада на должноста, сите во Македонија, па дури и пратениците сме ускратени од можноста да имаме месечни податоци за бројот на невработените во Република Македонија. Сме ускратени и да ја знаеме стапката на невработеност во Република Македонија, која Заводот за статистика лесно би ја пресметал. Мислам дека, сите овие шпекулации произлегуваат од фактот дека во Македонија се престана јавно да се емитуваат податоците за невработеност. Апсолутно, мислам дека од неупатени пратеници е сосема погрешен впечатокот да се тврди дека нашата држава е недоволно организирана да знае колку имаме невработени и која е стапката на невработеност. Секој што е пријавен во Заводот за вработување под законските услови има статус на невработен. И, таа бројка е таа. Таа треба само да се соопшти врз основа на таа бројка и врз основа на бројот на оние кои засновале работен однос или се работно ангажирани во други дејности, како што е земјоделието, врз основа на, сега да не навлегуваме многу на методологијата на ОН која се применува и во нашата држава од пред извесно време, многу лесно се добива стапката на невработеност во Македонија. Проблемот е што ние сме ускратени и затоа има шпекулации, премиерот едно, потпретседателот и министерот друго, министерот за развој трето, позициони пратеници четврто, опозициони пратеници петто.

Нас ни претстои во рок од десетина дена да го донесеме и пакетот на мерки за економската политика во 2000 година, кои се од надлежност на Собранието. Ние многу тешко ќе се раководиме со нашите, секој со своите логики за донесување на тој пакет, ако ние немаме неколку основни показатели за Република Македонија. Колку имаме вработени или работно ангажирани, колку имаме невработени, колку е јавната потрошувачка, колку е, да не ги набројуваме сите показатели, кои ни се потребни, за да одлучуваме.

Мислам дека сега е времето, токму сега е времето, тука е господинот министер Ибраими, кој по законот е надлежен да води сметка за податоците во неговиот ресор се наоѓаат, да излезе јасно и гласно да ни каже. Според неговите сознанија на последниот датум кој го има, дали е тоа 31 октомври, 31 ноември, незнам, согласно ажурноста и нека се 30 септември, кој е бројот на невработените во Република Македонија, да го соопшти. Врз основа на тој број денес, исто така да ни соопшти, која е стапката на невработеност во Македонија.

Мислам дека, навистина, станува многу непријатна ситуација во државава, заедно со министерот, цел пратенички состав да расправаме и никој не може да каже кој е бројот на невработените во Македонија. Мислам дека, тоа е еден толку елементарен податок, кој од 1945 година до денес го имаме секогаш точно до еден човек, ние во последниве 12 месеци да го испуштиме тој показател и се соочуваме со шпекулации. Апсолутно г. министер, не сметам дека ако бројот на невработените е покачен или зголемен и тоа го соопштите, ќе биде некаков проблем. Напротив, ќе биде доблест за вашиот ресор и за Вас како Влада. Бројот на невработените треба да се знае. Каква политика ние ќе водиме како пратеници, ако основни показатели во државата не ни се достапни, ако сите шпекулираме со проценти и со бројки, кои апсолутно се достапни за секого. Меѓутоа, еве, се случува и тоа.

Јас, во рамките на оваа расправа го повикувам, ако е тоа деловнички дозволено, или го поканувам г. министер да излезе и да ни ја соопшти бројката на невработени во Република Македонија, на последниот датум кој тој го има. Што друго министерот за труд и социјална политика би знаел, ако таа бројка не би ја знаел. Јас ги знаев на памет сите до пред 12 месеци бројки и одеднаш имаме вакум во државава. Повелете, соопштете ја, кажете ни. Нас ќе не радува да е 100 илјади, 200 илјади, а не 350 илјади.

Меѓутоа, еднаш да знаеме која е таа бројка, какви закони ние ќе носиме за покачување на број на вработени, какви закони за социјална помош, какви закони за покачување на бројот на вработеноста, ако не знаеме со што се соочуваме во оваа држава. Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на г. пратеник Никола Поповски.

Претпоставувам дека потпретседателот Бедредин Ибраими ќе се јави за реплика.

**БЕДРЕДИН ИБРАИМИ:**

Очигледно е дека ние се оддалечуваме од прашањето кое ни е предмет на расправа односно законот.

Податоците од Заводот за вработување не се никаква деловна тајна, ниту пак државна тајна, тие податоци се јавни, отворени за сите. Ако евентуално е направен некаков пропуст и такви извештаи не се доставени до пратениците на Собранието, тој пропуст ќе се исправи и во иднина мислам дека сите значајни субјекти во оваа држава треба да бидат известени во врска со движењето на бројот на невработеноста, односно вработеноста.

Јас не сакам сега да навлегувам во погрешни цифри, бидејќи ги немам прегледите по однос на податоците кои ги бараше господинот Поповски, но тоа го земам како негово пратеничко прашање и ќе му доставам писмен одговор во врска со движењето на невработеноста во Република Македонија.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Збор има господинот пратеник Мухарем Тахири.

**МУХАМЕД ТАИРИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, јас нема да навлегувам во бројката на невработените во Република Македонија, но мислам дека овој закон треба да се прифати, од причина дека е во интерес на тие граѓани што ќе се најдат во таа положба, било по кој начин и од која причина. Но, најмалку ние што сме во овие фотељи тоа ќе го почувствуваме, кога ќе бидат тие граѓани во таа кожа.

Затоа, сум за тоа да се прифати овој закон.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Дали уште некој друг бара збор во врска со овој закон? (Никој).

Бидејќи ја исцрпивме расправата, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на Закон за начинот и условите за користење на средствата за исплата на испратнини по Договорот за кредит, по Проектот за итна социјална помош на Република Македонија.

Ве молам да гласаме.

69 пратеници гласаа за, 6 пратеници се воздржани, 2 пратеници се против.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Ве молам, да гласаме, 64 пратеници гласаа за, 3 пратеници се воздржани и против нема.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам општ претрес по Предлогот на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи, никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес и отворам претрес по текстот на Предлогот на закон.

Законодавно - правната комисија поднесе амандмани на член 3 и на член 8.

Пратеникот Насер Зибери поднесе амандман на член 8, по кој Владата не се произнела.

Отварам претрес по амандманот на член 3, поднесен од Законодавно -правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**БЕДРЕДИН ИБРАИМИ:**

Амандманот се прифаќа.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Значи, станува составен дел на предлогот.

Отварам претрес по амандманот на член 8, поднесен од Законодавно -правната комисија.

Тој е исто така, идентичен со амандманот поднесен од пратеникот Насер Зибери, на член 8.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**БЕДРЕДИН ИБРАИМИ:**

Мислам дека амандманите се разликуваат од Законодавно - правната комисија и од господинот Зибери.

Амандманот поднесен од Законодавно - правната комисија се прифаќа.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Се прифаќа и станува составен дел.

Според тоа, се прифаќа и амандманот на...

**БЕДРЕДИН ИБРАИМИ:**

Не, не.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Значи, тие се различни.

Отварам претрес по амандманот на член 8, поднесен од пратеникот Насер Зибери.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**БЕДРЕДИН ИБРАИМИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Добро, амандманот не се прифаќа од претставникот на Владата.

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Ве молам, да гласаме.

18 пратеници гласаа за, 6 пратеници се воздржани, 46 пратеници се против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 8, поднесен од пратеникот Насер Зибери.

Продолжуваме со претрес по Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи, никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве молам, да гласаме.

65 пратеници гласале за, 1 пратеник е воздржан, 2 пратеници се против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за начинот и условите за користење на средства за исплата на испратнини по Договорот за кредит, по Проектот за итна социјална помош на Република Македонија.

Минуваме на точка 14 - Предлог за донесување на закон за овластување на организација за изработка на пригодни ковани пари, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на закон, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието, Ви се доставени, односно поделени.

Отварам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор?

За збор се јави господинот Мерсел Биљали.

**МЕРСЕЛ БИЉАЛИ:**

Почитувани колеги, дами и господа пратеници, Владата со овој предлог ни предлага донесување на закон по повод навршување на 2000 години од почетоците

на Христијанството.

На почеток да се произнесам дека немам ништо против чувствата на било кој граѓанин, тоа си е негово лично право, да верува во тоа што е убеден, и тоа е сосема природно, дури ако сакате да признам и јас сум некој своевиден либерален верник и т.н. Напротив, ги поддржувам јас тие чувства и убедувања и ја ценам определбата на секој според неговото убедување за да се определи за една или друга вера, за една или друга религија или концесија, или пак воопшто да не се определи за тоа. Впрочем тоа си е негово лично право, право кое е санкционирано со бројни меѓународни акти и со бројни внатрешни акти, вклучувајќи го и Уставот на РМ.

Значи, не се во прашање некои предрасуди кои може некој да ги претпоставува дали се во прашања, ниту се во прашање некои ставови генерално во однос на сите вери, или пак специјално за некоја вера, дури религиите ги сметам за дел од општата национална или етничка култура, или пак дел од цивилизацијата. Значи, оваа не е спор. Тогаш, што е спор?

Според мене спорно е дали со донесување на ваков закон, кој го предлага Владата практично даваме обележје, државно обележје на една религија одбележувани една прослава, еден празник, едно обележје и т.н. Значи, ова прашање може да се постави од морална гледна точка.

Имено, религијата или верата како појава која се претпоставува дека има и треба да има голема доза на моралност, или моралното обележје, дали тоа обележје, таа морална доза ќе беше во ред, ако се дава признак на политика или на државност, односно владина.

Особено на Балканот или во овој амбиент каде што живееме, каде што мора да признаеме дека политиката има премалку доза на моралност, да не кажам дека никаква доза на моралност, или пак Владата која се идентификува со се најцрно од корупцијата до манипулациите и т.н. Значи, подобро религијата да се поддржи, односно да биде што подалеку од политиката, што подалеку од Владата. Начелно, таму каде што започнува политиката секако дека завршуваат моралните форми, што се претпоставува и верските норми и обратно, таму каде имаме чисти врски принципи изгледа политиката е без предметна.

Второто прашање во однос на Законот, кој го предлага Владата е од правна димензија.

Според Уставот, Македонската православна Црква и другите верски заедници се рамноправни и се одвоени од државата. Тоа е санкционирано подетално и во Законот за верските заедници и религиозните групи, кој е донесен од страна на ова Собрание, пред повеќе од година дена. Ако се тие рамноправни според Уставот и Законот, кој го спомена тука, се поставува едно клучно прашање, дали утре кога ќе имаме едно обележје, одбележување, еден празник, една прослава на друга верска заедница, или пак религиозна група, Владата пак ќе излезе со Предлог за донесување на Закон за издавање ковани пари, затоа што имаме таква годишнина или прослава.

Јас барам од претставникот на Владата, за да можам да се определам да гласам "за"или"против", да добијам одговор на ова прашање.

Ние на жалост и денеска имаме една аномалија во националната телевизија, односно државната телевизија, која 40 минути дневно има еднострано верска програма, искрено да ви кажам понекогаш не знам дали гледам телевизија Ватикан или Македонска телевизија. Ние како Собрание немаме никакво право да не го почитуваме Уставот и да го прекршуваме Законот за верските заедници и религиозните групи, ако ние како главна институција на државата работиме вака, веројатно немаме морално право и никакво друго право да се повикуваме на другите институции на државата и општествени институции да ги почитуваат нормите, кои се правни норми, кои се дел од позитивното право.

Владата може сешто да предлага, тоа е нејзино право, министрите можат секој ден да одат во црква, тоа е нивно лично право, меѓутоа кога се предлагачи пред ова Собрание, кога работат во Владата тие се министри на РМ, која е граѓанска држава, одвоена од верските заедници.

Јас предлагам да се повлече овој Закон од страна на претставникот на Владата, бидејќи сум крајно убеден дека се работи за против уставен закон.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Благодарам на г-динот пратеник Мерсел Биљали.

За збор се јави господинот Насер Зибери.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Почитуван претседателе, почитувани дами и господа, уште на почетокот да кажам дека според мене, според уставниот основ за донесување на еден ваков закон, повикувањето на член 68 став 1 алинеја 2, не може да биде основа за донесување на еден ваков закон. Само да ве потсетам дека член

68 став 1 алинеја 2 вели дека: "Собранието на РМ донесува закон и дава автентично толкување на законите". За сите други закони во Уставот има друг основ, каде соодветно се третираат различните области и оттука се црпи уставната основа за донесување на закон. Логиката, повикувајќи се на член 68, каде што исклучива надлежност на Собранието е да донесува закони, може да не доведе до крајни екстерни, па дури и смешни ситуации. Што утре предлагачот да се повикува на овој член и да донесува некој закон, со кој ќе рече од денеска се забранува употребата на некое средство кое е неопходно за живот. Се забранува постоењето на една верска заедница и т.н. и т.н.

Мислам дека членот 19 сосема е јасен, по однос по карактерот на државата во оваа смисла и Уставот на РМ во тој однос Македонија ја дефинира како лаичка, од причина што јасно укажува дека црквата, односно верата, верските заедници и религиозни групи се надвор од државата, одвоени се од државата. Тоа не е направено случајно.

Скоро сите европски и светски земји имаат таков карактер, со исклучок на земји кои се познати по верскиот фундаментализам и каде што верата споена е со државата. Македонија не е таков случај и тоа е добро што не е така и не може всушност реално да биде така.

Оттука сметам дека предлагачот ги нема во предвид овие факти, кога се повел по иницијативата да се донесе еден ваков закон. Во образложението на Законот меѓу другото се вели: "Согласно Законот за пригодни ковани пари (Службен весник на РМ" број 11/95), пригодни ковани пари издава Народна банка на РМ". Народна банка на Република Македонија е државна установа.

Второ, вели: "Се издава по повод на политички, историски, научни, културни, спортски, хуманитарни настани". Под кои настани потпаѓа овој настан од светски карактер. Ниту еден од наведените основи за издавање на пригодни ковани пари не е наведен во Законот за издавање на пригодни ковани пари. Со еден збор Законот не само што нема уставен основ, тој нема ни законски основ за донесување.

Трето, Македонија, знаете дека е повеќе конвенционална држава и водењето на ваква политика во овој смер може да ги доведе во прашање принципите на рамноправност на верските заедници во РМ, па дури и чувствата на одреден број на граѓани кои не припаѓаат, не по нивна волја на оваа верска припадност. Слушам дека деновиве се подготвуваат и други активности на Владата во овој прилог, кои сметаат дека можат сериозно да ги загрозат меѓу конвенсионалните односи во РМ.

Последниве денови читам г-динот претседател на Комисијата за верски односи во РМ, Ѓорѓи Наумов, најавува поставување на еден грандиозен крст на падините на Водно, од каде сите населби на Скопје ќе имаат поглед кон крстот, кој ќе биде поставен. За да парафразирам ќе го прочитам точниот текст. "Следната година во чест на 2000-јади годишниот јубилеј на Христијанството на падините на планината Водно, ќе биде поставен голем крст, кој ќе може да се гледа од сите населби во Скопје". Дали тој господин не мисли дека во тоа Скопје, во тие населби живее и население кое не припаѓа на таа вера, нема таква верска припадност и дали тој не мисли дека тоа нема да биде добро прифатено од тие луѓе, а да не речам дека може да изрази и негативен однос кон тие прашања.

Сметам дека овие прашања не одат во прилог на меѓуетничка и меѓу верска толеранција и од тие причини се надевам дека овие добронамерни укажувања на дотичниот господин и за Владата во овој прилог треба да бидат добронамерно прифатени и да не влегуваме понатаму со идеи и надежи дека Македонија може да се одбележи само со симболи и настани од една верска припадност, затоа што тоа неминовно ќе води кон конфликтни ситуации, туку толеранцијата меѓу верските заедници треба да се негува и почитува и понатаму и треба да се задржи една толерантна рамнотежа меѓу верските заедници за да имаме меѓу човечки, меѓу конвенционални и меѓуетничи, односи по хармонични и по адекватни. Со поставување на вакви крстови, со вакви грандиозни размери кои ќе бидат гледани од сите страни на Скопје и подалеку, со донесување на разни закони, со кои се одбележува еден верски настан со државни средства со активности на државата, Народна банка и Собранието на РМ се фузионира она што е слово на Уставот за одвоеноста на верата и државата. Сметам дека е тоа штетно за Република Македонија и до тие причини пратеничката група на ПДП е против донесување на еден ваков закон.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Благодарам на г-динот пратеник Насер Зибери.

За збор се јави г-динот пратеник Јордан Бошков.

**ЈОРДАН БОШКОВ:**

Г-дине претседателе, дами и господа пратеници, почитувани претставници на Владата, Двеилјадитото навраќање на рожденството Христово претставува во Светот сепак еден голем празник и многу држави се решија тој настан да го одбележат на најсоодветен начин. Тука не сакам да потенцирам дека, предничат државите од асоцијациите на кои што ние мислиме да се приклучиме, тоа ќе бидат Евроатланските структури, Европската Унија, но исто така и земји каде што доминантна вера или конфесија не е Христијанството. Јан не гледам некакво ограничување на слободата на нашите граѓани, доколку оваа земја издава ковани пари колку да одбележи Двеилјадигодишнината од рожденството Христово. Тука нема да биде засегнато правото на останатите вероисповеди. Тоа прашање не факт и прашање на чувство. Минуваме, патуваме, гледаме како тој празник и манифестно се одбележува или веќе има плакати по улици, по билборди, во медиите, во весниците, но некако кај нас на тој празник е некако многу скромно видлив.

Оттука мислам дека напорот што Владата го сторила е за поддржување и треба да може да се исковаат вакви парички кои би биле во циркулација, а веројатно ќе добијат и некаква нумизнатичка вредност. Основа за нивно издавање постои, причините се едноставни, тоа е сепак историски настан кој се отсликал врз македонските простори, а исто така има и културна содржина.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на г. Јордан Бошков, збор има г. пратеник Љубен Пауновски.

**ЉУБЕН ПАУНОВСКИ:**

Господине претседатели, почитувани пратеници.

Уважените пратеници кои говореа за прашања околу оваа точка од дневниот ред, очигледно ги измешале лончињата и влегуваат во сфера, која не е во доменот на ова прашање, но најчудна е таа желба да се излезе од темата, што се завлегува во друга сфера, во друг простор. Со потенцирање дека ова прашање ги загрозува меѓу националните односи, односно форсира една религија, за сметка на друга.

Јас накратко ќе ви одговорам. Треба да се сетите кога е датумот на раѓање на едната религија, како историски момент, а кога е датумот на раѓањето на другата религија, која вие ја практикувате, како што христијаните ја практикуваат христијанската религија.

Значи, во старт имате една основна грешка, ги имате заборавено вековите, датумите, и годините, која религија, кога е родена и затоа, не е пријатно оваа говорница да се злоупотребува, за да се судрат сега две етнички целини, две конфесии, една спроти друга.

Вториот битен момент, околу сето ова што сакате да го извртите од говорницата е следново: кога се зборува за вака сериозни проблеми, за кои вие се обидовте да проговорите, а јас се согласувам дека се многу сериозни, навистина, заслужуваат големо внимание, како што е појавата на Христијанстовото, појавата на другите религии, сите нивни внатрешни движења. Тоа се многу битни историски одредници од развојот, или фази од свеста и осознавањето на самото човештво.

Меѓутоа, вашата несериозност од оваа говорница е многу загрижувачка. Било која држава, која сака да издаде пригодно ковани пари, тие се однесуваат на конкретен повод. Ако се однесуваат на конкретен повод, тоа значи дека државата прави цивилизациски гест. Цивилизациски гест од аспект на културна, историска димензија. Така што, сето тоа го имате содржано во Уставот. Но и да го нема содржано во Уставот, тоа е обврска на секоја паметна држава и на секоја паметна структура во власта. Затоа што, со ваквиот потез, се вклучуваме во цивилизациските текови и се ставаме на кантар, која е наша специфична тежина и каков е нашиот однос, воопшто, кон човештвото и внатрешниот наш цивилизациски развој. Така што, кога ќе дојде повод за друга религија во Македонија, која има свои приврзаници, почитувачи, тогаш најверојатно, ќе биде применет овој закон, ќе се пристапи кон тоа од цивилизациски аспект, а не од религиски.

Затоа што, ако Владата иницира, или Парламентот иницира, или Парламентот ќе прифати еден ваков закон од верски причини, од религиозен карактер, тогаш сите ние треба да станеме од тука и да си одиме. Вие сакате да го толкувате тоа, дека е така. Така што, не треба да ја правите таа навреда кон пратениците, ако вие мислите дека треба од верски причини да носиме закони, тогаш, тоа е ваш проблем, ние носиме овде, од цивилизациски карактер закони. Така што, вашите лончиња се измешани и ова вклучување, кон нешто, што не припаѓа на Македонија и на Христијаните во Македонија, ова е нешто што припаѓа, општо човечки прифатено, практицирано, лична определба, кој каков однос има кон тоа, исто така, како и кон сите други религии, кои имаат третман во вакви ситуации, како цивилизациски чин, а никако спротивставување на ова прашање

и доаѓање во ситуација, дека тоа ги загрозува меѓуетничките односи. Ако на некој тоа му е целта, ние немаме ништо против, тоа да се говори од оваа говорница до бескрај. Меѓутоа, насоките на прашањата, што се од меѓуетнички карактер, комуникација, соработка, разбирање за жал, се движат во многу позитивни насоки.

На крајот, сакам уште еднаш да потенцирам, бидејќи мислам дека е многу битно. Ваквиот однос, на било која држава е прашање на цивилизациски гест. Вграден е во двата клучни елементи: историски и културен.

И уште еднаш ќе повторам, она што е многу битно. Не можете да третирате дека датумот на раѓање, треба да ги изедначи, дури две личности, а камоли две религии. Има огромна разлика.

Во овој случај, ние не треба да ги споиме тие две нешта и да ги изнесуваме пред јавноста, дека Македонците, или Христијаните, во овој случај, по овој повод, имаат отпори на тие пари да коваат, она што е во доменот на Муслиманската религија. Практично, тоа се две различни работи. Овде станува збор за историски контекст, културен контекст, културолошки и еден цивилизациски аспект, во кој се вклучува целата планета, дури можеме да добиеме информации, тоа како претпоставка би го говорел повеќе дека, можеби земји во кои има само 0,1% Христијани, можеби тие ќе пристапат кон одбележувањето, со еден ваков цивилизациски гест. Можеби и тоа ќе се случи.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на г. пратеник Љубен Пауновски.

Збор побара г. пратеник Рубенс Наумовски.

**РУБЕНС НАУМОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници.

Кон оваа точка јас очекував по позитивистички приод, од аспект на почит и меѓу себе и меѓу нас, од аспект на почит кон историски факти, кон историски вредности и светски цивилизациски придобивки. Всушност, не очекував полемика, туку здушено, едногласно, заедничко поддржување на овој проект, на овој Предлог - закон.

Беше доволно кажано, од претходните говорници, што значи овој закон, кој треба да го донесеме, дека мотивот и причините на овој закон, ковањето на овие пари, кое се регулира, со донесувањето на овој закон, е всушност мотивирано, не само од верски причини. Верските причини можеби не се на врвот на листата на причини, од кои треба да се донесе овој закон, туку се историски, филозофски, од културен и секаков карактер.

По овој повод и слично на овој повод, не би требало да се создаваат и да се иницираат и да се предизвикуваат верски димензии на проблемот и евентуално верски и меѓуетнички нетрпенија во нашава земја. Толку е значаен за цел свет овој момент, со дочекувањето на 2000 година и јас мислев дека на сите горе -долу, ни се јасни овие работи. По оваа точка, некои од претходните говорници, заминаа малку и подалеку, како што беше примерот со поставувањето на крстот. Тоа би требало да биде почитувано и третирано, а не нападнато, бидејќи на таков начин, како што беше третиран проблемот со поставувањето на крстот, се предизвикуваат евентуални реакции и кај Христијанското население во оваа земја, во спротивна насока.

Во таа смила и во тој стил, денеска би зборувал јас, а како пример, како не треба ќе кажам. Како би требало ние да ги третираме граѓаните од Христијанска вероисповест, со појавата на џамии покрај патот. Јас често патувам Охрид - Скопје, не реагирав така, како што реагираше г. Зибери. Денеска, кога ќе се наближувам до Скопје, напротив гледам и тој објект го третирам од архитектонски - естетски и уметнички аспект, по малку ми се и симпатични двете минариња на џамијата.

Кај нас, како пратеници, најмалку треба да предизвикуваат такви реакции и комотации, од овој тип во земјата. Како пратеници сме напротив, повикани да форсираме и да иницираме поголемо меѓусебно почитување и поголема толеранција, а не обратно.

Затоа, по повод донесувањето на овој закон за ковани пари, нема никаква, ниту навреда, на никого, туку напротив, има голема почит, кон нешто, што е вистинска вредност, цивилизациска придобивка и не правиме никаква грешка, а и вие господа од ПДП ќе направите голем потез ако го поддржите овој закон.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на г. пратеник Рубенс Наумовски.

Збор има г. пратеник Ризван Сулејмани.

**РИЗВАН СУЛЕЈМАНИ:**

Почитуван претседателе, почитувани министри, почитувани пртеници, навистина немав намера да излезам денеска на

говорница и да зборувам, токму на овој ден на овој голем муслимански Рамазан, затоа што во овој месец муслиманите најмногу што треба да прават, да бидат толерантни, да ги почитуваат другите, да ги разбираат другите.

Јас навистина, правам напори да ве разберам вас и сите ние што сме овде, да се вклучиме во прославување од поминувањето од вториот во третиот милениум. Мислам, една ваква формулација, во наша констулација на сили и односи во Република Македонија, можеби ќе беше општо прифатливо за сите граѓани на Република Македонија.

Тенденцијата да се потенцира поводот, сакале или не сакале ние да признаеме, сепак се прифаќа, се чувствува, како некоја тенденција да се наметне сила, една слава, која ќе биде општо прифатена.

Мислам на секој му е јасно, дека сите ние секоја година славиме Нова Година. Но не како Христово раѓање, туку чисто како општо прифатена дата, за боење на годините. А тоа се совпаѓа, со раѓањето на Христа. Иако, ние муслиманите, имаме интерно наше броење и тоа е Хиџат, тоа е некаде 6 години по Села и поминувањето на Мухамет од Мека во Медина и тоа се зема како критичен датум, од кога што почнува броењето на годините.

Но, мислам дека, со малку поголем рефлекс на толеранција, ние можеме да прифатиме, значајна формулација од типот одбележување на поминување од вториот во третиот милениум и мислам дека тогаш би било прифатливо за сите нас.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на г. пратеник Ризван Сулејмани.

Збор има г. пратеник Насер Зибери.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Само колку не во стилот на одбрана од напади, бидејќи очигледно некој мисли дека нападот е најдобра одбрана. Сега излегува дека ние што сме дискутирале за законот, сме причината за создавање на проблеми на меѓу концесионално ниво, а некој што предлага вакво законско решение, ние сметаме дека е токму прилог, кон заострување на ваквите односи.

Бидете убедени дека причините за ваквите состојби лежат токму во намерата, да се рушат џамиите, а да се градат црквите, како што беше рушењето на џамијата во Охрид и за која никој, ништо не кажа. Исто така, како што беше рушењето на џамијата во Љубош. И многу други.

Јас ве прашувам, која црква досега е срушена. И да не даде Господ никогаш црква да се руши, а да не се руши ни џамија. Тие односи се заостууваат со симнување на небата над саат кулите и со поставување на крстот, а не обратно. Во каков прилог ќе оди изјавата, што повторно, целосно ќе ја читам. И дали тоа може да ги релаксира меѓу концесионалните односи, која при ваква намера, со поставување на таков крст, господинот се повикува на сериозна намера и сега вели, се консултираме со Македонската православна црква, за местото на поставувањето, висината и изгледот на крстот. Велат, тој да биде со импозантни димензии и со осветлување во ноќните часови. Тоа ќе биде симболот, за присутноста и љубовта, кон христијанството во нашата земја, вели Ѓорѓи Наумов. Зарем мисли дека само христијанството е присутно на овие подрачја? Па и ноќе да биде осветлено.

Ве молам, ако сакаме да дискутираме, да дискутираме за причините за ваквите појави, а не за последиците.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Ве молам, денеска на дневен ред е друга проблематика и не се расправа за меѓу концесионалните односи и не би требало така да се меша, но добро, некој допирни точки можеме да ги прифатиме.

Збор побара г. Лазо Китановски.

**ЛАЗО КИТАНОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани членови на Владата, почитувани колеги. Мислам дека непотребно се прошири дискусијата. Идејата за ковани пари ја сметаме ние пратениците од СДСМ сосема коректна, пригодна, за овој датум.

Знаете, во историјата има нации, на раси на цивилизации и некои датуми, кога се случиле настани и кој оставиле траги во меморијата, во еден социјален од на луѓето, го промениле животот на цели цивилизации, и пред се овие датуми треба да ги третираме, како историски и културолошки.

Очигледно дека, еден таков настан, каков што е Христовото раѓање, без разлика, дали некој верува, или не верува во тоа, сепак оставил траги на многу земји, на многу нации, во Европа и на другите континенти и ова треба да се сфати, како еден однос кон историски настан, без да прејудицира навреда кон припадници на други конфесии, или пак на други слични настани. Дури, напротив, мислам дека не се дава никаква порака према верниците од друга вера, затоа што во Македонија има верници од други конфесии, туку можеби, тоа е еден начин, по сите бурни настани во Македонија и од другите конфесии да има едно почитување, кон оние верници кои припаѓаат на Христијанската религија. Сигурно дека во

Република Македонија, треба да бидеме внимателни, во поглед на верските чувства, кои за жал, се поклопуваат и со националните, односно со малцинските припадности, велам за жал, иако не е тоа правило.

На крајот, ќе завршам дека односот треба да биде како еден настан, значаен настан за многу народи европски, па и настан, кој извршил големо влијание во светската историја, како што и други настани извршиле влијание и во Европа и на други континенти, впрочем во еден добар дел на светот. Овој настан, практично добива светски карактер, во смисла што по него се определуваат годините, во развојот на дел од човештвото.

Јас би замолил, ова да биде сфатено, како еден прилог на Република Македонија, кон сите оние држави во Европа, па и во светот. Голем број држави на Американскиот континент, Австралискиот континент, па дури и во Азија. Како еден прилог за одбележување на овој датум, без никаква намера, да се навредат чувствата, на други припадници на верски заедници. Темите што некои од пратениците ги загаркаа ако навистина се непријатни, сите ние како заедница треба да поразговараме за нив. Меѓутоа, за тоа можеме да поразговараме и во друга прилика.

Идејата ми е да не се девалвира, бидејќи тоа е една идеја која впрочем не е спорна и Македонија мислам дека ќе згреши ако не се вклучи, заедно со сите други држави, тоа се огромен број на држави во светот, кон одбележувањето на оваа дата. Значи, иако потеклото му е религиозно, меѓутоа во тој социјален код е влезена оваа дата и полека полека станува една света дата, која вообичаено е прифатена и кодифициран во однесувањето на луѓето, во голем дел од светот.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Ми благодарам на пратеникот Китановски.

Има збор пратеникот Мерсел Биљали.

**МЕРСЕЛ БИЉАЛИ:**

За по објективното информирање на јавноста и на ова Собрание да кажам, колку што јас имам информации, ниедна друга држава не пристапила кон донесување на Закон за издавање на ковани пари. Дури тие тоа го сметаат за сосема приватна работа и тоа се одбележува со помош на верските институции, верските заедници, невладините организации, или пак разни други асоцијации.

Не е спорно природното право да се прослави и одбележи овој празник, или овој важен, според мене повод. Јас не верувам дека ниеден паметен човек не мисли дека тоа е лошо, напротив треба да се одбележува. Но, тука се работи за едно многу важно т.е. начелно правно прашање, дали донесувањето на ваков закон е во согласност со Уставот на РМ, или пак е против уставно и против законски. Практично ние донесуваме закон, со кој на еден празник, на една верска заедница и даваме службено и државно обележје, што сметам дека спротивно со Уставот , а и со духот на Уставот на РМ. Ние значи службено, како институции, како Влада, како Собрание, донесуваме закон.

Значи ние сме службени органи и ние сме службена власт и Собранието и Владата. Јас мислам дека може или можеше да се поддржи одбележувањето на ваков важен празник во сосема други форми. Државата е репрезент на сите граѓани, односно таа ги претставува сите граѓани, без оглед на верската припадност. Значи граѓаните можат да веруваат во една вера, во друга вера, во трета вера и т.н. Тоа воопшто не е битно или пак воопшто да не веруваат. Значи имаме состојба кога граѓанинот кој верува во друга или трета вера, или пак воопшто не верува, а истиот граѓанин финансиски придонесува за власта, за Владата, за институциите и сега е сосема нормално дека тој граѓанин атеиста, или од друга верска припадност, дека не му е сеедно кога гледа како се трошат тие пари кои и тој ги дава од џеб, за приватните чувства на друга групација.

И околу крстот што кажа тука претставникот од Владата. Таков грандиозен симбол ни најзатворените верски држави не мислат и не го прават тоа. И тоа ако некој кажува дека тоа не е во ред, тоа не значи дека ги провоцира припадниците од другата вероисповест. Напротив провокација е самиот чин на преземањето на такво дејство. Мислам дека тоа е сосема неодговорно власта да пристапува кон такви чувствителни работи. Тука треба да се внимава. Не треба да се дава предност на реакциите од една групација на реакциите на другата групација. Сите реакции мора да ги сметаме рамноправни.

Јас тука поставив прашање како би постапила Владата кога, на пример утре ќе имаме прилика да се одбележува некој празник на друга верска заедница и дали Владата и тогаш би предложила Закон за издавање ковани пари. Тука заменикот премиер не само што не ми одговори, туку излезе надвор и го нема.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Ми благодарам на г-динот Мерсел Биљали.

Би сакал г-да пратеници да ви обрнам внимание и да ве потсетам дека полемизирањето со текстови во печатот, во периодиката со личности кои не се присутни овде, рековме дека нема да го правиме тоа. Може да се постави прашање во Владата, бидејќи е таму Владата, да се подготви информација и се друго, но не да полемизираме, бидејќи тоа ќе не одведе далеку. Тогаш мислам се согласивме и така да постапуваме. Ако некој мисли лично да му одговори на дотичниот господин, да му одговори таму каде што тоа го прочитал, или ако мисли дека е потребно, како владин чиновник, да побара информација од Владата, да побара таква информација од Владата. Но, далеку би не однело тоа ако ние сега се завлечкаме по една друга позиција и почнеме дискусијата да ја наведуваме на друго нешто. Исто е ова прашање ако сега некој постави прашање, дали во компјутерите оваа милеумска бубачка, 2000-та ја има, ја нема и ние ја префрлиме на теренот на верските прашања и т.н.

Затоа да не дискутираме, туку да дискутираме за она што е предмет на расправа денес. По тоа прашање веќе имаме консензус, се договоривме, за личности кои не се присутни овде, за написи во весници, во периодика и т.н. да не расправаме, а тоа не значи дека нема да побараме информација од соодветна институција, да видиме за што се работи. Ова повеќе како едно потсетување.

Има збор г-динот Исмет Рамадани.

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:**

Немав намера да дискутирам, меѓутоа сепак, откако моите колеги се вклучија во дискусијата по втор пат, мислам дека се разјаснија некои работи, така што и во самата дебата веќе паѓа таа тензија, мислам дека е подобро, затоа што и јас почувствував дека ќе бидеме сфатени погрешно, откако се отвори проблематиката односно за тоа што се расправа денес.

Мислам дека дозата на тоа што ние се одлучивме и да дискутираме и да изградиме став за ова прашање е токму тоа дека, можеби полека ни се случува тоа, владин орган односно Собрание и т.н., навлегуваме во некое покровителство кое што припаѓа на верските заедници. Ние знаеме дека тие верски заедници се во РМ, верски заедници и религиозни друштва, меѓутоа сепак тука понекогаш треба да бидеме и претпазливи, затоа што навистина можеме за оваа тема и за вакви прашања да бидеме погрешно сфатени, особено тогаш кога некој пак е со намера погрешно да те сфати, затоа што Исус Христос и Азрет и Иса, тие што имаат повеќе познавања во оваа работа, ние што припаѓаме и на друга верска припадност, ги признаваме како такви и не треба да се навлезе во тоа. Но грешките ги правиме таму каде што, да launчеме тука имаше такви примери, еден од дискутантите рече, баш ништо не ми смета кога гледам минариња и т.н. Каде што има џамија има минаре, каде што има црква има и крст и тоа е добро и овој народ и овие граѓани тоа го прифаќаат како што треба и мислам тука не треба да се навлегува. Исчекор се прави тогаш кога овие верски симболи го наоѓаат местото, таму каде што не им е местото и затоа понекогаш се создаваат вакви реакции, еве да речеме и од пратеници, веројатно пратениците го изнесуваат тоа што го слушаат и од граѓаните од различни верски заедници.

Токму затоа, ние сакавме да реагираме односно дополнително да ни се појасни што всушност сакаме да постигнеме со тоа што се предлага денеска за ковани пари преку Владата на РМ, се разбира и со тоа што ќе се изјасни Собранието.

Мислам дека, таквите појави треба до крај да бидат презентирани и таа Комисија која е владина, Комисија за верски прашања, која најверојатно и понатаму ќе води, води и треба да води евиденција за вакви јубилеи, но тие треба да се пропратат како јубилеи таму каде што им е местото.

Навистина има такви реакции, затоа што понекогаш ни се поставуваат прашањата. И ден денес вие имате насловна, претседателот рече да не се коментираат весниците. Зошто да речеме имаат одредени проблеми меѓу двете најголеми верски заедници во Македонија и има таму еден одговор, кога се нарушени тие односи. Односите се нарушени кај тие што ги водат верските заедници, токму од времето на Владата на г-динот Кљусев и министерот Наумов, тогаш во Битола се поставија крстови на Саат - кулата, таму каде што не требаше да се постави. Тоа веќе создава реакции и сомнежи и понекогаш најверојатно ќе бидеме сфатени погрешно, меѓутоа тоа што се случува е тоа. Има и позитивно во сето ова. Позитивното е во тоа што, точно е дека во последните години, барем тука е либерализирано до крај градењето и на цркви и на џамии, само што, еве се случија работи па со дополнително, тоа што рече и г-динот Зибери и некои рушења на џамии и т.н.

Меѓутоа, сепак треба да внимаваме на тоа да не бидеме секогаш погрешно сфатени кога и ние понекогаш наметнуваме и

инсистираме на јубилеи, не само верски и национални. Кога се поставуваат вакви проблеми секогаш реагираме на начин кој навистина понекогаш не става во ситуација да не можеме да бидеме до крај искрени, односно до крај да се разбереме меѓу себе.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на г-динот Исмет Рамадани.

За збор имаме уште двајца пратеници, по ова прашање.

Има збор пратеникот Михајло Георгиевски.

**МИХАЈЛО ГЕОРГИЕВСКИ:**

Почитувани дами и господа.

Во Собранието постои Комисија за одбележување на историски настани и личности. Таа Комисија во која членуваат и пратеници од исламската вероисповест донесе Одлука т.е. се разгледување долго време, целата 2000-та година биде посветена на одбележувањето на раѓањето на Исус Христос и христијанството, како историски настан и за тоа веќе се преземаат акции, во што ќе биде вклучено и Собранието во таквото одбележување преку различни форми: академии, симпозиуми и т.н. Меѓу другото, еве како што денес гледаме е и формата на издавање монета т.е. ковани пари. Тоа е одбележување на еден цивилизациски чин, еден настан што целиот свет го слави, или ние се вклучуваме во една работа што е прифатлива за целиот свет. Инаку ако ние изостанеме ќе бевме фрлени некаде како тие земји што незнаат што е цивилизација, што е култура. Токму поради тоа. Тоа што овде настана таа дилема тоа е чисто недоразбирање помеѓу оние членови што припаѓаат на исламската вероисповед и другите. Ние немаме ништо против исламската религија. Тоа е одбележување на еден настан.

Второ, стана збор околу крстот. Тоа исто така начин на одбележување и тоа никој не треба да го навредува. Нас православните не треба да не навредува ако поставите во одбележување на 2000 годишнината од исламскиот Веда едно големо минаре, да го гледаат цело Скопје. Тоа нема нас да не навредува, бидејќи тоа е исто така желба и чин на луѓето од таа вероисповест, но може да биде после 700 години. Значи, да не се тука надмудруваме што е исправно, што е неисправно.

Инаку, околу другата работа да кажам, Комисијата за верски прашања во која јас сум член во неа членуваат членови од сите вероисповести. Таа Комисија нема ништо против да се постави таков крст, затоа што утре и тие ќе побараат поставување на некое нивно обележје.

Според тоа има таму толеранција, има сегде, само овде нема. За да биде мир во куќата да бидеме сите согласни, мислам дека треба сите да се согласиме овие пари да се коваат како што е предвидено. Со тоа и македонската држава а и Собранието се вклучува во одбележувањето на тој голем настан во одбележување на 2000 годишнината.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на г-динот Георгиевски.

Последен дискутант по оваа точка е Кирил Андоновски.

**КИРИЛ АНДОНОВСКИ:**

Многу ми е жал кога некои работи се политизираат, иако немаше потреба, барем за овој закон немаше потреба да се политизира. Очекував дека и колегите пратеници кои дискутираа прво против, дури и дискутираа да се повлече овој закон, што мислам дека не држи, заради тоа што ние ќе бидеме сведоци на едно време кога поминуваме од еден во друг милениум. Се разбира дека, ваквото размислување кај граѓаните предизвикува не толеранција. Ние мораме да се наминуваме, да мислиме граѓански, а не да мислиме етнички.

Јас не би зборувал за почетокот на Христијанството, бидејќи незнам многу. Меѓутоа тоа е еден чин почетоците на Христијанството да не се сфатат религиски, туку чин кој треба да се сфати историски. И така ние го доживуваме, а не како религија или припадници на одредени религии.

Некои зборуваат дека немаат уставен основ. Мислам дека не се во право. ЗПК заклучи дека има уставен основ. Видете ги сите закони, во образложенијата почнуваат со уставен основ за донесување на овој закон. Исто така и ЗПК прво тргнува од тоа дали има потреба и дали има уставен основ. Ако нема уставен основ, веројатно ќе дадеме и такви забелешки. Уставен основ на законот е член 68 незнам став 1 или 2, алинеја 2. Мислам дека тука тоа не е спорно.

Понатаму, правеа паралела меѓу Законот за пригодни ковани пари и овој закон, Законот за овластување на организација за изработка на пригодни ковани пари. Го споредувам, одредбите од едниот закон кој вели: "упатува на за изработка на пригодни ковани пари се донесува друг закон". Мислам дека и тоа не е спорно.

Понатаму, исто така не е спорно дека Народната банка фактички издава пригодни ковани пари, меѓутоа, Владата определува со закон кој ќе ги изработи, така што мислам дека и тука нема ништо спорно. Затоа мислам дека, е потребно и колегите пратеници кои дискутираа уште повеќе ќе придонесат за подобрување на меѓуетничките и меѓу верските односи доколку и тие пристапат и гласаат за донесување на овој закон. Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ.**

Благодарам на г-динот пратеник Кирил Андоновски.

За збор се јави г-динот пратеник Илија Илоски.

**ИЛИЈА ИЛОСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници.

Се јавив со една намера, ако успеам, да дадам еден мал придонес кон оваа тема која се отвори, по мое лично убедување, не потребно и до овој степен на консултација на одреден број пратеници од едната или од другата страна. Со намера да не изигрувам некој независен судија да пресудувам некому, како сака да мисли или како да мисли воопшто. Мислам дека, простете ми ова што ќе го кажам, почнувајќи од мене па сите ние заедно дури и они кои не следат денеска на оваа седница сме премногу мали и ситни во однос на оној проблем кој денеска го дискутираме и кој го разговараме во Парламентот на Република Македонија.

Јас лично како пратеник на СДСМ ќе гласам за овој закон и ќе кажам од кои причини и зошто.

Прво, мислам дека ако се ова сите владини филтри преку уставно правната комисија поминати и дека е најден законскиот и уставниот основ за донесување на овој закон, мислам дека нема никакви пречки да се навлегува во една друга сфера и да се политизира ова прашање, навистина многу непотребно. Историски факт е дека оваа година целиот свет, не само Република Македонија го слави постоењето на 2 илјади години од раѓањето на Господ Бог Исус Христос и од тие причини секоја земја наоѓа за сходно како да го одбележи тој историски настан. Ние не се задржуваме само на ова конкретно прашање дали Народната банка на Република Македонија ќе кова пригодни пари или нема да кова, тоа е една лепеза на мерки, кои ги преземаат одредени држави во функција на одбележување на тој настан.

Затоа мислам дека, нема никаков простор да се навредуваат нечии чувства мислам на религиозни, бидејќи живеејќи во една мултиконфенсионална средина, знаеме дека тие прашања поготово во политички транзициони периоди се доста чувствителни, навистина повторувам, нема простор некој да биде навреден од тоа. Ова е само еден од начините како во таа лепеза на преземање одредени мерки, како да се одбележи овој историски настан, Република Македонија се одлучува тоа да го направи.

Ќе дадам неколку аргументи кои доста се практицирале во Република Македонија и сакам сите да ве потсетам дека Народната банка на Република Македонија досега има издадено пригодни ковани пари во чест на други јубилеи на пример со ликот на Свети Климент, со ликот на Гоце Делчев, од бившата држава, ако се сеќавате, имаше монети на другарот Јосип Броз Тито и т.н. Значи, одредени историски јубилеи кои се одбележуваат во една држава ги следи некоја пракса во системот на централната банка, бидејќи тие пригодни ковани пари по 10, 20, 100, 1000 години преку одењето низ тој систем на трансакции, добиваат некоја нумизматичка вредност и некои генерации после илјада години од нас овде, ќе бидат сведоци дека на овие простори постоела некаква цивилизација, која во чест на некој јубилеј издала некакви пари. Еве имаме случај да имаме монети, односно ковани пари од времето на Византиското царство на овие простори, дури да одиме пред новата ера од пред раѓањето на Исус Христос.

Затоа не гледам никаква причина дека ова се подведува некоја конфесионална заедница ќе биде навредена. Како припадник на православната вероисповест, ако мислите дека сакам нешто да контрирам на претходните дискутанти, еве да кажам дека лично се согласувам со нивната втора забелешка, околу поставување на тој грандиозен крст на Водно. Следејќи ја историјата на Православната црква од раниот патристички период, па до денешни дни, на православното Христијанство не му се својствени тие мегаломански проекти. Ако се прашувам јас и ако одлучува нашиот глас јас сум против поставување на таков грандиозен крст, меѓутоа не е намерата дека некој ќе го освести да биде горд или од друга страна некого да навреди, туку чисто следејќи ги канонските принципи на Православната црква и мислејќи дека дури првиот период после Исус, додека Христијанството не било етаблирано како официјална религија во Римското царство, тоа доаѓа околу 330-та година дека тој период ако се следат житијата на светите оци на Христијанската црква, е најдобриот период на Христијанската црква. Тогаш немало крстови од 20-50 метри, поготово не светеле во тој

период. Значи, верата е во душата и срцето на еден човек, а не во големината на крстот.

Реков дека ќе дадам мал придонес, мислам дека треба да ја прекинеме дискусијата дека, некој ќе биде навреден, некој горделив, воопшто не се чувствувам горделив што се даваат тие пари, меѓутоа како една цивилизациска придобивка би требало да се пристапи кон гласање на овој закон, нормално уште еднаш нека се преиспитаат уставните и законските можности, дали е се во рамките на институциите на системот. Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на г-динот пратеник Илија Илоски.

Дали уште некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на Закон за овластување на организација за изработка на пригодни ковани пари.

Ве молам да гласаме?

70 пратеници гласаа за, 1 е воздржан и 6 се против.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон?

Ве молам, да гласаме?

66 пратеници гласаа за, немаме воздржани и 5 се против.

Констатирам дека усвоен е предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам општ претрес по Предлогот на законот.

Дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на закон.

Молам, дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве молам, да гласаме?

68 пратеници гласа за, 3 се воздржани, а 5 се против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за овластување на организација за изработка на пригодни ковани пари.

Преминуваме на Петнаесеттата точка од дневниот ред - Предлог за донесување на закон за дополнување на Законот за издавање и тргување со хартии од вредност, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието, Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за дополнување на Законот за издавање и тргување со хартии од вредност.

Ве молам да гласаме.

63 пратеници гласаа за, 4 се воздржани, против нема.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Ве молам да гласаме.

69 пратеници гласаа за, 1 е воздржан, против нема.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам општ претрес по Предлогот на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на закон.

Законодавно - правната комисија поднесе амандман на член 2.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЈОРДАН МАРКОВСКИ:**

Владата го прифаќа амандманот.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Добро, тој станува составен дел на Предлогот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

67 пратеници гласаа за, 2 се воздржани, против нема.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за дополнување на Законот за издавање и тргување со хартии од вредност.

Преминуваме на Шеснаесеттата точка од дневниот ред - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за цивилни инвалиди од војната, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор?

Збор побара Бедредин Ибраими потпретседател во Владата и министер за труд и социјална политика.

**БЕДРЕДИН ИБРАИМИ:**

Господине претседател, дами и господа пратеници се работи за категорија на граѓани која заслужува едно мало внимание, па дозволете ми на кратки црти да го образложам предлогот за донесување на законот за дополнување на Законот за цивилни и воени инвалиди.

Цивилните инвалиди од војна се лица кои се здобиле со повреди од заостанат воен експлозивен материјал или како цивилни граѓани, кои биле изложени на воени акции.

Здобиените повреди доведуваат до намалување на биолошкиот и социјалниот потенцијал кај овие лица. По видот, степенот и по начинот на настанување на повредите овие граѓани се најблиску до воените инвалиди. Во неможноста настанатиот хендикеп да се компензира преку еднократна оштета, високо - материјално давање, државата тоа го прави низ низа права за овие граѓани од кои централна е цивилната инвалиднина и паричниот надомест за помош и нега од друго лице.

Во 1996 година е донесен Закон за правата на воените инвалиди, на членовите на нивните семејства и на членовите на семејствата на паднатите борци со кој пропис освен за воените инвалиди се утврдуваат права и за членовите на нивните семејства што создава правна и морална основа висината на правата на цивилните инвалиди од војната да бидат поблиску до правата на воените инвалиди. Затоа треба да се донесе во скратена постапка, затоа што од правно - технички аспект се вршат минимални измени.

Уставниот основ во член 68 став 1 алинеја 2 од Уставот на РМ, во изминатиот период Сојузот на цивилните инвалиди од војната на повеќе пати пред Министерството за труд и социјална политика покренуваше иницијатива за измена и дополнување на Законот за цивилни инвалиди од војната. Како аргумент во овие иницијативи се истакнува дека положбата на цивилните инвалиди од војната е уредена во сите држави, кои настанаа од поранешна Југославија и во некои европски земји. Анализирајќи ги наводите во покренатите иницијативи и актуелните состојби во земјата се доаѓа до констатација дека споменатите наводи се точни, а исто така дека повредите заостанатиот воен материјал и воени дејствија кај граѓаните со статус на цивилни инвалиди од војната настанале најчесто меѓу шестата и десеттата година од животот. На оваа возраст децата психолошки и социјално не се доволно зрели за да преземат соодветни мерки за сопствена заштита, па оттаму има потреба за поширока општествена солидарност за надминување на последиците од настанатите ранувања.

Со прописите со кои се уредува статусот на воените инвалиди и паднатите борци се утврдуваат права и за членовите на нивните семејства кои воопшто не се ранети и не учествувале во воени акции. Оттука произлегува правна и морална обврска за државата соодветно да го уреди статусот на граѓаните кои имаат ист вид и степен на повреди како и воените инвалиди. Тие повреди ги стекнале од заостанатиот воен материјал или воени дејствија.

Основна цел која треба да се постигне при донесувањето на измените и дополнувањата на овој закон е, по соодветно уредување на статусот на цивилните инвалиди од војната како соодветна компензација за нивните нараснати и специфични потреби.

Ова е само заради информација, во РМ имаме евидентирано 534 цивилни инвалиди од војна и 93 корисници на нега и помош. Значи, поделени во 5 групи од кои 110 лица припаѓаат во прва група и според Предлогот на законот надоместокот ќе треба да изнесува да се зголеми за 50% од сегашниот, втора група имаме 51 лице, трета група 89, четврта група 112 и петта група 172 лица. 93 лица се корисници на нега и помош. Вкупните средства кои ќе бидат зафатени со донесување на овој закон изнесуваат 39 милиони 390 илјади, 192

денари односно се зголемува за 11 милиони 990 илјади 192 денари.

Очекувам целосна поддршка од сите пратеници за овој многу хуман и солидарен закон за цивилните воени инвалиди. Благодарам.

(Во отсуство на претседателот на Собранието, господин Саво Климовски, со седницата продолжи да раководи потпретседателот на Собранието господинот Томислав Стојановски).

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниов заклучок:

Собранието го усвојува предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за цивилни инвалиди од војната.

Ве молам да гласаме.

64 пратеници гласаа, сите се за, а воздржани и против нема.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Ве молам да гласаме?

Вкупно гласале 61 пратеник, 60 гласале за, 1 е против, а воздржани нема.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам општ претрес по Предлогот на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на закон.

Законодавно - правната комисија поднесе амандман на член 2 став 2, со кој се согласил претставникот на Владата и тој станува составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Комисијата за труд и социјална политика поднесе амандман за додавање нов член 2-а, со кој се согласил претставникот на Владата и истиот е составен дел на текстот на законот.

Продолжуваме со претрес по текстот на предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Гласале 66 пратеници, од кои за 65, воздржани нема, против 1.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за цивилни инвалиди од војната.

Продолжуваме по дневниот ред.

Минуваме на точката 17 - Предлог аз донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за основно образование, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот, Извештајот на Комисијата за образование и наука и Известувањето на Законодавно - правната комисија, Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор?

Има збор господинот Гештаковски.

**АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:**

Почитуван потпретседателе, би сакал да интервенирам деловнички по однос на предложениот Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за основно образование и за наредната точка.

Вие само напомнавте дека од Законодавно - правната комисија е доставен предлог, бидејќи ЗПК не ги има разгледано овие закони. Затоа би сакал од деловнички аспект претходно да се изјасниме, вие како претседавач да донесете одлука согласно Деловникот или да се одложат за наредното продолжение на оваа седница или да дадете пауза.

Би сакал за пратениците, а и вие, бидејќи се член на ЗПК да укажам на самото известување на ЗПК и причините од кои не е разгледан овој Предлог на закон и наредниот од следната точка. Доколку Вие или претседателот на ЗПК го кажете, да се укаже на претставниците на Владата како би можело Собранието да работи и да не доаѓа до вакви состојби, кога би доаѓало до одлагање или неразгледување.

А, за значењето на разгледувањето на ЗПК, зборуваат сите пртходни закони што ги разгледувавме на оваа седница. Ниту еден предлог за донесување на закон не помина без амандман, интервенирање од страна на тоа дали постои уставен основ или го надградува правниот систем. Затоа би сакал претходно како деловничко прашање да го разрешиме. Благодарам.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Ќе го повикам претседателот на ЗПК да се изјасни.

Знам што е содржината. Да не ја соопштувам јас, бидејќи и моето учество е исто како и на господинот Гештаковски.

Меѓутоа, овластен за оваа работа е претседателот на оваа Комисија.

Овие две точки, точно е дека ние ги одложивме.

**КИРИЛ АНДОНОВСКИ:**

Законодавно - правната комисија не го гледаше, поради тоа што немаше претставник ниту повереник.

Меѓутоа, овде се работи за некои измени што многу нема да влијаат.

На пример и да го гледа ЗПК, верувам дека нема да има забелешки односно амандмани. Веројатно нема да има амандмани.

Меѓутоа, ако Собранието оцени, бидејќи некогаш кога се поставуваат и на маса, по итна постапка, закони, може да оцени Собранието да ја задолжи ЗПК да го гледа.

Ако Собранието оцени дека има потреба да го гледа ЗПК, ние ќе се состанеме и ќе го гледаме. Ако смета дека може поради тоа што измените не се големи, тогаш може Собранието да работи.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

За збор се јави госпоѓа Илинка Митрева.

**ИЛИНКА МИТРЕВА:**

Господине потпретседателе, би сакала да ви укажам на значењето на процедурата во парламентарната работа.

Имено, не може работењето на Парламентот да го засноваме на оценка на претседателот на ЗПК, дека се работи за мал - голем закон, мали или големи изменувања. Постои процедура, постои ред во нештата и во таа смисла молам да обрнете внимание на фактот дека, на ЗПК во нејзината работа не учествувале претставници од ресорното Министерство.

Од тие соображенија точките се симнати од дневен ред. Истото важи и за нашава денешна седница. Благодарам.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Има збор господин Љубен Пауновски.

**ЉУБЕН ПАУНОВСКИ:**

Говорам во име на Пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ.

Мислам дека има место да се запази процедурата, со тоа што предлагам седницата да ја продолжиме, Парламентот да работи, а овие две точки, претпоставувам има можност да се стават на крајот.

Ако ја завршиме оваа седница, тогаш да го направиме тука тој прекин, на продолжението да се завршат сите процедурални потреби околу сето ова, а да не правиме прекин, бидејќи имаме потреба да работиме.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Господо пратеници, дали има преќутна согласност овие две точки да се надминат, да одиме на точката 19, а овие две да ги разгледаме дополнително. Тоа се точките 17 и 18? (Се согласуваме).

Минуваме на точката 19 - Предлог за донесување на Закон за ратификација на Договор за сеопфатна забрана на нуклеарните проби, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на Законот, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниов заклучок.

Собранието го усвојува предлогот за донесување на Закон за ратификација на договорот за сеопфатна забрана на нуклеарни проби.

Ве молам да гласаме.

Ве молам, како што стои овде присутни се 92 пратеници, од нив гласале 60.

Да го повториме гласањето, бидејќи стои дека има многу повеќе.

Треба да има 61 глас од присутните пратеници.

Има збор госпоѓа Ѓулистана Марковска.

**ЃУЛИСТАНА МАРКОВСКА:**

Со оглед на тоа што се сомневам дека имаше 60, односно во постапката на гласање, барам поддршка од 10 пратеници за поединечно гласање.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Дали има поддршка од 10 пратеници? (Има).

Имате поддршка.

Повелете секретаре на Собранието, да пристапите кон поединечното гласање.

Јас сакав да го повториме гласањето.

Дали ќе може да го повториме гласањето?

Господо, Ве молам ако може да го повториме гласањето.

Вклучете го системот за гласање.

Ве молам да гласаме.

Гласале 69, од кои за 68, а 1 е против.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве молам да гласаме.

Гласале вкупно 70 од кои 68 за, 2 воздржани, а против нема.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам општ претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не се јавува за збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претресе по текстот на Предлогот на законот.

Комисијата за надворешна политика поднесе амандман на член 2.

Законодавно - правната комисија поднесе амандман на насловот на Предлогот на законот и на член 2.

Немаме констатација што е со предлагачот.

Ве молам, обезбедете претставник на Владата.

Почитувани колеги, бидејќи немаме претставник на Владата за оваа точка и за наредните три, во една ваква состојба предлагам пауза од половина час.

Сите седум наредни точки се од ист карактер.

Почитувани колеги, при ваква состојба давам пауза од половина час, па потоа да продолжиме.

(Пауза од 13,40 до)....

(По паузата седницата продолжи во 14,30 часот).

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Поради немање кворум, ја прекинувам седницата.

Ќе продолжиме со работа утре со почеток во 10,00 часот.

(Седницата прекина во 14,30 часот).